Тип на документ:
Закон за изменување и дополнување
Објавен во Службен весник број:
10/2015
Датум на објавување:
22.1.15

# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ВОДА ЗА ПИЕЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

## Член 1

Во Законот за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води („Службен весник на Република Македонија број 68/2004, 28/2006, 103/2008, 17/11, 54/11 и 163/13) во членот 6 по ставот (8) се додава нов став (9), кој гласи:
„(9) Давателот на услугата е должен сметките за наплата на надоместокот од ставот (8) на овој член на правните лица да ги доставува само по електронски пат на нивната електронска адреса, а на барање на физичките лица може сметките да се доставуваат на нивната електронска адреса."

Ставот (9) станува став (10).

## Член 2

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе отпочне да се применува од 1 април 2015 година.